# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ИНОВАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 23.08.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) 50624 Друго - Иновативен менаџмент, за наставниот предмет Иновативен менаџмент и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр.02-25/4,донесена на 22.09.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Коста Сотироски, редовен професор, Економски факултет Прилеп, д-р Тони Соклевски, доцент, БАС Институт за менаџмент Битола и д-р Маја Кочоска, доцент, БАС Институт за менаџмент Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) Иновативен менаџмент, за наставниот предмет Иновативен менаџмент во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Ана Ристевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Ана Ристевска е родена на 05.02.1989 година во Битола. Средно образование завршува во Битола, во Државното средно економско училиште „Јане Сандански"- Битола. Со високо образование се стекнува во 2010 година на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи во Битола, отсек менаџмент на информациски системи. Во истата година кандидатот се стекнува и со Педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет во Битола.

Во 2012 година го брани магистерскиот труд на тема *„Управување со знаење и примена на софтвер за управување со знаење во институциите во Р.Македонија"*, на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи во Битола.

Докторската дисертација на тема *„Процесот на управување со знаење и маркетинг истражувањето во прехранбената индустрија на Р.Македонија"* ја одбранила во 2015 година на Економскиот факултет во Прилеп, пред комисија во состав: проф. д-р Коста Сотироски, проф. д-р Каролина Илиеска, проф.д-р Јован Стојаноски, проф. д-р Марика Башеска-Ѓорѓиеска и проф. д-р Маргарита Јанеска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

Својот кариерен развој го почнува во 2010 година како ИТ инжењер во „Мегасофт Плус" - Битола. Потоа, работи како професор по англиски јазик и информатика во приватна школа за јазици и компјутери „Малиот Принц" во Битола.

Во 2011 година се вработува во Цермат ДОО, како асистент на генералниот директор и работи таму се до јуни 2014 година. Од август 2014 година, па се до денес кандидатот е вработен во Скандинавска софтверска компанија Вебион Доо и Cinab Partners AB (Connect Innovation) како

маркетинг координатор.

Воедно, од 2014 година кандидатот Ана Ристевска е избрана за предавач во предметот Иновативен менаџмент на БАС институтот за менаџмент во Битола.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик и има добиено сертификат од Британскиот конзулат во Р.Македонија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Ана Ристевска свовојот научен кариерен развој го за почнува како наставник по англиски јазик и информатика во приватната школа за јазици и компјутери „Малиот Принц" во Битола.

Воедно, како дел од своите работни активности во Цермат ДОО, кандидатот изведува менторска настава на студентите од Факултетот за админстрација и менаџмент на информациски системи-Битола и е дел од развивањето на повеќе студии на случај од работењето на Цермат ДОО, како иновативна компанија и најголема во својата дејност во рамките на Р.Македонија.

Во рамките на наставно - образовната дејност на БАС, кадидатот Ана Ристевска изведува настава и вежби по предметот Иновативен менаџмент на студентите од втор циклус на студии.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Научно истражувачка дејност**

д-р Ана Ристевска има објавено вкупно 18 (осумнаесет) научни трудови од областа на управувањето со знаење, маркетинг и менаџмент, од кои 4 (четири) научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) за кои кандидатот достави и потврда за факторот на влијание, 2 (два) трудови од сумпозиуми, 1 (еден) труд во меѓународно научно списание и 11 (единаесет) трудови во зборници од научни конференции.

д-р Ана Ристевска била дел од меѓународен проект на Техничкиот факултет во Дрезден, Германија во 2013 година, од областа на оддржлива енергија и маркетинг активностите за промоција и користење на ваквиот вид на енергија.

Во текот на своето работно искуство во Цермат ДОО и Cinab Partners AB (Connect Innovation), кандидатот одржувал многубројни презентации и предавања пред вработениот кадар

од областа на информациските технологии, маркетингот и иновативниот менаџментот.

Во ферврuари 2017 година кандидатот зема учество со маркетинг презентација на Националниот самит за Адобе производите (Adobe Connect) во Амстердам, Холандија. Во јуни 2017 година, кандидатот е дел од работилници и тимски активности за Адобе производите (Adobe Connect) во Wezupport Solutions Europe AB во Шведска.

д-р Ана Ристевска моментално е дел од истражувачкиот проект „Влијанието на иновациите врз конкурентноста на организациите“ (ВИКО) на БАС Институтот за менаџмент Битола.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во текот на своето работно искуство Цермат Доо, Вебион ДОО и Cinab Partners AB (Connect Innovation), кандидатот д-р Ана Ристевска била дел од маркетинг истражувања и истражувања на пазарот во Р.Македонија и во Скандинавскиот регион, како и од развивање на различни студии на случај.

Воедно, кандидатот преку своите работни задолженија во дадените приватни фирми од прехранбената и информатичката област, активно учествува во дизајнот и креацијата на нови и иновативни софтверски решенија, веб страни, како и информациски системи.

Како одговорен координатор на маркетинг сектор во Cinab Partners AB (Connect Innovation), кандидатот има креирано маркетинг стратегија за промоција и продажба на Adobe Connect производите на пазарите во Шведска, Данска, Финска и Норвешка. Воедно, кандидатот има изготвено многубројни национални документи кои се поврзани со Adobe Connect производите и сервисите кои произлегуваат од овие производи.

Кандидатот им креирано околу 100 вебинари (онлајн семинари) за Adobe Connect производите, односно за производите за онлајн учење и комуникација, на англиски јазик.

Добитник е на 13 Сертификати за учества на научни конференции и симпозиуми, како и сертификат за учество на обучувачка работилница „Користење на MBTI типологија на личност во тимската работа“ во БАС – Институтот за менџмент во Битола.

Кандидатот д-р Ана Ристевска заедно со нејзиниот тим за стартап иновативни активности, со нивната иновативна „зелена“ идеја на натреварот „Филантропија преку зелени бизнис идеи 2017“ организиран од АРНО – Асоцијација за развој на нови опции, беше избрана меѓу 10-те најдобри „зелени“ иновативни идеи во Р.Македонија.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и професионалната биографија на кандидатката, кој се доставуваат во прилог со овој Правилник.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Ана Ристевска, при евалуацијата за 2014 година, кога и беше избрана за

предавач по предметот Иновативен менаџмент, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис Академија Смилевски.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ана Ристевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Ана Ристевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научно звање Доцент – Научен соработник, во наставно - научната област (дисциплина) Иновативен менаџмент за наставниот предмет Иновативен менаџмент.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, д-р Ана Ристевска да биде избрана во наставно – научно звање Доцент – Научен соработник во наставно – научната област (дисциплина) Иновативен менаџмент за наставниот предмет Иновативен менаџмент.

Битола, 20.10.2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Коста Сотироски, редовен професор**
2. **Д-р Тони Соклевски, доцент**
3. **Д-р Маја Кочоска, доцент**